**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РАДОВИШ**

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ
# ОПШТИНА РАДОВИШ
# 2010 – 2015 год.

***Кога младоста би ја имала филозофијата на старците, на светот не би имало ниту еден сончев ден (Јован Дучиќ)***

**СОДРЖИНА:**


**I. ВОВЕД................................................................................................ 3 стр.**

- Претседател на Совет на општина Радовиш.
- Претседател на комисија за образование, култура и спорт.
- Процес
- Визија за развој на младите и нивните идеи во општина Радовиш
- Листа на членови на локална акциона група за стратешко планирање

**II. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЛОКАЛНИТЕ МЛАДИНСКИ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

- Граганска организација „МЛАДИНСКИ СОВЕТ„
- Граѓанска организација ,,РАЗВОЈ – ИДНИНА„
- Граѓанска организација „КРЕА„

**III. ГЕНЕРАЛНА ЦЕЛ, КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ И АКЦИОНЕН ПЛАН ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА РАДОВИШ**

**IV. МОНИТОРИНГ ПЛАН**

## I. Вовед

Врз основа на заклучокот усвоен од Советот на општина Радовиш, Комисијата за култура, образование и спорт, пристапи во изготвување на Стратегијата за Млади во општина Радовиш.

Во нејзината подготовка покрај членовите на комисијата беа вклучени повеќе субјекти (Коалиција СЕГА, вработените во одделението за ЛЕР, основните и средните училишта, ученици, бизнис секторот, невладиниот сектор, локалните медиуми, верски организации) со што се обезбедени богатство на идеи, иницијативи, поголема транспарентност и објективност во нејзиното донесување.

Потребата за донесување Стратегија за Млади во општина Радовиш произлегува и од потребата за воспоставување на систем и правила на инволвирање на младиот човек во општественото живење како на локално така и на национално ниво, покажувајки ги своите предзнања и квалитети.

Сегментот младинско учество се однесува на активното партиципирање на младите во процесот на одлучување на локално ниво. Тоа всушност значи реализација на правото на младиот човек да учествува во креирањето на подобра сегашност и иднина. Младинското учество е третирано во нашата општина и веќе произведува конкретни модели за младинска партиципација како добри пракси за учество на младите во работата на локалната власт.

Стратегијата на млади е сегмент кој значително ќе придонесе за добробитта на нашата општина. Инвестициите во младите луѓе на општината и целокупната заедница им носат најмногу на среден и долг рок.

Комисија за култура, образование
и спорт

Претседател

Марина Митева

**Процес:**

Со одлука на Советот на општина Радовиш, Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на општина Радовиш е задолжена за организирање на процесот за изработка на стратегија за младите во општина Радовиш заедно во соработка со Коалицијата за младински организации СЕГА кои имаат меморандум за соработка со општина Радовиш и кординативното тело кое беше формирано од млади луѓе од општината. Процесот на стратешко планирање за оваа тема се фокусира на насочување на процесите за развој на младите во општина Радовиш.

Стратешкото планирање е продолжен процес кој и овозможува на општината да го одреди правецот и да осигура дека повеќе конкретни финансиски одлуки ќе бидат ускладени со желбите на заедницата како целина и насочени кон конкретни цели и под-цели. Во вклучените акциони планови како дел од Стратегијата на младите воспоставени се реални остварливи цели кои заедницата може да ги оствари.

Во процесот на стратешко планирање вклучени институции се: Единицата за локална самоуправа-Радовиш, Советот на општина Радовиш, Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на општина Радовиш, раководниот и наставен кадар на Основните училишта: ,,Крсте Петков Мисирков,,-Радовиш ; ,,Никола Карев,,-Радовиш; ,,Кирил и Методиј,,-Ораовица; ,,Коста Рацин,,-Подареш; ,,Орце Николов,,;-Иљево и Средното општинско училиште ,,Коста Сусинов,,;-Радовиш, младински граѓански организации, претставници на бизнис секторот, медиумите.

Од процесот кој беше превземен произлегоа добиени резултати и акционен план кој е приложен кој овој извештај и документ осмислен да служи како стратешки план за младите во општина Радовиш.

**АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА**

Оваа локална стратегија за млади ги таргетира младите луѓе од општина Радовиш на возраст од 15 - 29 години каде се опишани и опфатени нивните потреби кои реално не ги задоволуваат моменталните услови за нивен развој. Согласно истражувањето кое се спроведе за потребите на овој проект се доби една слика за тоа каде треба да се фокусира заедницата во наредниот период за да се решат проблемите кои беа идентификувани.

Младите луѓе заедно со организациите и институциите кои работат на младински прашања се изјаснија за следните категории како најприоритетни за делување во наредните 5 години:

- Култура и спорт;
- Младинско информирање;
- Младински активизам и иницијативи;
- Младинско учество и волонтерство.

Во овој дел младите имаа можност да ја дадат моменталната и реална слика на состојбата во општината, потврдувајки дека планирањето на културниот и спортскиот живот во градот не е систематско и стратешко и не ги вклучува младите како конзументи на култура и спорт. Од друга страна пак изведбата на сите културни настани се случува со директно учество на младите. Анализата на истражувањето утврди дека потребно е реновирање на најголем дел на постоечките културни и спортски објекти за да може истите да функционираат. Во овој момент Локалната самоуправа, образовните и културните институции, како и спортските клубови го организираат културниот и спортскиот живот и се главни понудувачи на настани. Локалната самоуправа пружа подршка во организирањето на културните и спортски настани и издвојува средства од буџетот за спорт и за култура. По однос на спортот локалната самоуправа претежно го подржува развојот на училишнот спорт.

Во делот на младинското информирање, младите во општина Радовиш се слабо информирани. Клучна причина за ваквата состојба е незаинтересираноста на младите да бидат повеке информирани. Тоа понатаму предизвикува состојба во која младите немајќи онформации стануваат пасивни на сите полиња, односно се помалку покренуват младински иницијативи за да си го подобрат сопствениот живот.

Во општина Радовиш може да се констатира отсуство на младински активизам и недостаток на младински иницијативи. Младите се пасивни и ретко се залагаат за решавање на своите проблеми. Дополнително се незаинтересирани да ја зголемат сопствената информираност за можностите за финансиска и креативна реализација на нивните идеи што го поткопува и онака слабиот активизам кај младите. Младите сметаат дека се одвојуваат недоволно средства за реализација на младинските идеи. Нив им недостига места и можности за креативно изразување.

Младите во општина Радовиш се изјасниле дека најголемиот дел од нив никогаш не биле вклучени во институциите при донесувањето одлуки кои ги засегаат нив, а исто така најголемиот дел изјавиле дека не знаат дали постојат некакви младински тела преку кои се обезбедува учество на младите.

Во Радовиш најголемиот дел од испитаниците ве волонтирале досега но и општиот впечаток е дека во општината младите ретко волонтираат. Постои позитивна перцепција за волонтерство што укажува на потребата да се промовира волонтерството и да се информираат младите и локалните институции за законската рамка на РМ по однос на волонтерство и за предностите од волонтирањето и вклучувањето волонтери во работата на институциите.

Процесот на креирање на Локална Стратегија за Млади ја фасилитираше Здружението Младински Совет на Радовиш формирано во 2008 год. и е самостојно, непартиско, непрофитно формирано со слободно здружување на граgани во кои доброволно се здружуваат заради мегусебна соработка и започнивање на заеднички интереси и нивно остварување, како и заради остварување на соработката со други слични младински организации и за унапредување на образованието, спортот, културата и традиционалните вредности кај младите луѓе. Младинскиот Совет Радовиш имаше одлична

соработка со другите младински невладини организации на локално ниво, а воедно се и дел од вмрежувањето на Коалицијата за младински организации СЕГА, каде имаат успешна соработка во лобирањето за Совет на млади како посебно тело од статутот во општина Радовиш, каде е постигнато поголема одговорност за младиот човек во институционалниот систем но и општо во локалната сфера на живеењето. Исто така во овој процес беа вклучени и здруженијата на граѓани „РАЗВОЈ – ИДНИНА“ како и „КРЕА“ кои имаат постигнато и реализирано повеке работи од областа на младите во општината.

## Краток преглед

Овој документ опфаќа три делови: 5-годишна стратегија; Акционен План за имплементација на стратгијата за 2011 година; и Мониторинг план. Со 5 годишната стратегија дефинирани се главните цели на секој приоритет, специфичните цели како и стратегиите за спроведување  на секојас специфична цел дефинирани во оваа стратегија. Во вториот дел е интегриран Акциониот план за 2011 година кој претставува главна насока за спроведување на специфични активности во првата година. Третиот сегмент од овој документ е планот за мониторинг на спроведувањето на оваа стратегија. Со мониторинг планот се дефинира начинот на следење на имплементацијата на стратегијата и начинот како ќе се прибираат информации за тоа што е направено од страна на сите засегнати страни во процесот.

## ВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА МЛАДИ ОД ОПШТИНА РАДОВИШ

***Младите делумно се заинтересирани за општествените интереси и културен живот кои им го пружи општина Радовиш. Иако младите доста учествуваат во организирањето на културните настани, сепак кај нив постои незадоволство од понудените културни содржини и потреба за поголема разновидност. По однос на спортот постои интерес кај младите да спортуваат. Тоа се потврдува и со показателите дека младите најчесто го поминуваат своето слободно време во спортски активности. Од друга страна условите за спорт не се адекватни и не постојат соодветни спортски објекти.***

***Да ги развиеме младите во општината за оспособување со јасна визија за иднината, млади кои ќе ги развиваат своите потенцијали, можности и индивидуални способности. Млади со задоволство да се образуваат во локалните институции и по завршувањето на образованието успешно да одговорат на современите предизвици.***

***Локалните институции да станат побезбедни со дисциплинирана средина во која младите ќе доаѓаат со задоволство да волонтираат и да ги завршуваат своите интелектуални потреби, а службите ќе бидат посовремени, ефикасни, поквалитетни и прилагодени на потребите и интересите на младите, на локалната средина и државата.***

**ЦЕЛ НА ПРИОРИТЕТИ, СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ И АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2011 ГОДИНА ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА РАДОВИШ**

## ПРИОРИТЕТ: КУЛТУРА И СПОРТ

**ЦЕЛ НА ПРИОРИТЕТ:**

**Подобрување на културно спортскиот живот на младите во општина Радовиш**

**Специфични цели:**

***Специфична цел 1***

**Подигнување на свеста и едукација кај младите за културните вредности на Општина Радовиш**

***Стратегија 1.1*:** Спроведување на кампањи за подобрување на свеста кај младите.

***Стратегија 1.2:*** Потикнување на активизмот кај здруженија на граѓани кои што работат на културата

***Специфична цел 2***

**Подобрување на соработката со културните институции и младите**

***Стратегија 2.1:*** Воспоставување на механизми за креирање на програми и донесување на одлуки од млади и претставници на културни институции на локално ниво

**Стратегија 2.2:** Вклучување на младите во организирање и спроведување на културни настани во соработка со ЕЛС и културните институции

***Специфична цел 3.***

**Потикнување на спортските активности и иницијативи од младите**

***Стратегија 3.1*:** Подобрување на информираноста на младите од општина Радовиш од областа на спортот.

***Стратегија 3.2***: Мотивирање на младите од општина Радовиш да практикуваат спортски активности и зголемување на нивното учество во спортските клубови.

***Стратегија 3.3***: Потикнување на приватниот (бизнис) сектор за подршка во спортот.

***Стратегија 3.4***: Лобирање и застапување од страна на младите од општина Радовиш со цел активна соработка помеѓу засегнатите страни од областа на спортот за обезбедување услови за спортување на младите.

# ПРИОРИТЕТ: МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

**ЦЕЛ НА ПРИОРИТЕТ:**

**Потикнување на младите од општина Радовиш кон подобар пристап до информации за младите на локално и национално ниво.**

**Специфични цели:**

***Специфична цел 1***

**Подобрување на информираноста помеѓу младите во општината.**

***Стратегија 1.1:*** Потикнување на младински иницијативи помеѓу младите во општината

**Специфична цел 2**

**Подобрување на соработката со јавните институции и младите**

***Стратегија 2.1:*** Кампањи за подобрување и координација на институциите во прибирањето и дистрибуцијата на информации до младите.

**Специфична цел 3**

**Воспоставување на младински информативен центар**

***Стратегија 3.1:*** Активирање на образовните институци, НВО- ите и медиумите за потенцирање на значењето на младинско информативниот центар и неговото постоење за младите и општина Радовиш.

***Стратегија 3.2:*** Потикнување кај младите за постоење на младински информативен центар

## <u>ПРИОРИТЕТ: МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ И ИНИЦИЈАТИВИ</u>

**ЦЕЛ НА ПРИОРИТЕТ:**

**<u>Подобрување и зголемување на желбата на младите луѓе во општина Радовиш за младински активизам и иницијативи.</u>**

**Специфични цели:**

**<u>Специфична цел 1</u>**

**Зголемени можности за финансиска и креативна реализација на нивните идеи преку учество во НВО –ите**

***Стратегија 1.1:*** Зголемен број на членство на млади лица во НВО – секторот во општина Радовиш.

**<u>Специфична цел 2.</u>**

**Поголема едуцираност, зајакната материјална и финансиска состојба на ранливи групи и млади лица**

***Стратегија 2.1:*** кампањи и обуки за зголемување на свеста кај младите луѓе и потребите на ранливите групи во општина Радовиш.

**<u>Специфична цел 3</u>**

**Подобрување на функционалноста на Советот на млади кој е формиран во рамките на локалната самоуправа**

***Стратегија 3.1:*** Воспоставување на фонд за младински иницијативи со цел да се обезбедат средства за реализација на младински иницијативи во општина Радовиш, вклучувајќи го и Советот на млади.

## <u>ПРИОРИТЕТ: МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И ВОЛОНТЕРСТВО</u>

**ЦЕЛ НА ПРИОРИТЕТ:**
**<u>Поголема едуцираност и информираност кај младите за младинско учество и волонтерство во локалните институции на општината Радовиш.</u>**

**Специфични цели:**

**<u>Специфична цел 1</u>**
**Зголемување на мотивацијата и правилна перцепција на младите од општина Радовиш за учество во сите сфери на општествениот живот**

***Стратегија 1.1:*** Зајакнување на капацитетите и континуирана едукација на младите и на возрасните од институциите за суштината и значењето на младинското учество.

**<u>Специфична цел 2</u>**
**Подобрена партиципација на младите и волонтирање во јавните институции во општината**

***Стратегија 2.1:*** Зајакнување на функционирањето на сите форми на здружени млади во општината со посебен акцент на волонтерството на младите

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА

## ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА РАДОВИШ – 2011 ГОДИНА

### Приоритет: Култура и Спорт

**ЦЕЛ НА ПРИОРИТЕТ:** *Подобрување на културно спортскиот живот на младите во општина Радовиш*

| **Цели и активности** | **Очекувани резултати** | **индикатори** | **Временски период** | **одговорност** |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 1**<br>Подигнување на свеста и едукација кај младите за културните вредности на Општина Радовиш | | | | |
| **Стратегија 1.1**<br>Спроведување на кампањи за подобрување на свеста кај младите. | Подигната свест кај младите за значењето на културните знаменитости кои ги има општина Радовиш | | | |
| **Активност 1.1.1**<br>Креирање и емитување на локален ТВ – спот | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на емитувања<br>- број на медиуми кои ќе го емитуваа спотот<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- младите се информирани за постоењето на културните споменици | **Јануари – Април 2011** | 1.Центар за култура во општина Радовиш.<br><br>2.Младински организации од општина Радовиш, кои се грижат за кулурните вредности. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 1.1.2**<br>Емитување на ТВ емисија | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на емитувања<br>- број на гости кои учествувале во емисијата<br>- број на млади вклучени со емисијата<br>- број на теми опфатени со емисијата<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Медиумите се заинтересирани да ги промовираат културните вредности помеѓу младите<br>- младите луѓе имаат шанса директно да ги промовираат вредностите помеѓу своите врсници | **Март – Јуни 2011** | |
| **Активност 1.1.3**<br>Дизајн и дистрибуција на брошури | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на испечатени брошури<br>- број на опфатени млади со дистрибуцијата на брошурите<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Младите се широко информирани за постоењето на културните знаменистости | **Март – Јули 2011** | |
| **Активност 1.1.4**<br>Организирање на едукативни работилници | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на одржани работилници | **Март – Април 2011**<br><br>**Септември –** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Број на опфатени млади луѓе<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- младите средношколци се директно вклучени во споделувањето на информации | **Ноември 2011** | |
| **Активност 1.1.5**<br>Организирање на трибини | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на организирани трибини<br>- број на присутни на трибините<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- подигната е свеста на младите луѓе | **2011** | |
| **Стратегија 1.2**<br>Потикнување на активизмот кај здруженија на граѓани кои што работат на културата | Здруженијата на граѓани спроведуваат културни активности со поголем интензитет на годишно ниво | | | |
| **Активност 1.2.1**<br>Организирање на состаноци за координација на заеднички активности | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на одржани состаноци<br>- број на луѓе присутни на состаноците<br>- број на заеднички иницијативи произлезени од состаноците<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Здруженијата на граѓани | **2011 год.** | **1.**Младински организации и ЗГ.<br><br>2.ЕЛС –Радовиш<br><br>3.Министерство за култура на Р.М |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | заеднички лобираат и застапуваат програми и проекти за култура во општина Радовиш<br>- Подобрено е вмрежувањето помеѓу здруженијата на граѓани кои работат на областа на културата | | |
| **Активност 1.2.2**<br>Зголемување на фондовите на локално ниво за културни активности | | **Квантитативни индикатори:**<br>- Број на локални донатори за културни активности<br>- број на состаноци со поединечни компании<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Финансиските средствата за културни програми се зголемени во однос на претходните години | | |
| **Активност 1.2.3**<br>Аплицирање и користење на европски и национални фондови за културни програми | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на аплицирани проекти<br>- број на одобрени проекти<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Лоцирани се национални и меѓународни фондации кои поддржуваат културни активности | | |
| **<u>Специфична цел 2</u>**<br>Подобрување на соработката со културните институции и | | | **2011 год.** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| младите. | | | | |
| <u>**Стратегија 2.1**</u><br>Воспоставување на механизми за креирање на програми и донесување на одлуки од млади и претставници на културни институции на локално ниво | Младите се директно вклучени во креирањето на програми во областа на културата на локално ниво | | | |
| **Активност 2.1.1**<br>Организирање заеднички настани и директни средби | | **Квантитативни индикатори:**<br>- Број на одржани состаноци<br>- број на присутни<br>- број на институции и организации вклучени<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- воспоставена е можност за соработка поѓе младите и институциите | **2011 год.** | 1.ЕЛС – Радовиш<br><br>2.Дом на култура ,,Ацо Караманов,, - Радовиш.<br><br>3.Младински организации. |
| **Активност 2.1.2**<br>Формирање на координативно (советодавно) тело кое вклучува претставници од ЕЛС и Дом на Култура и млади луѓе членови на НВО кои работат на културно поле | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на членови на координативното тело<br>- број на заеднички активности и иницијативи<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- подобрен е процесот на одлучување за програми во областа на културата | | |
| **Стратегија 2.2**<br>Вклучување на младите во организирање и | Започната е пракса на вклучување на малдите луѓе во | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на млади вклучени во | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| спроведување на културни настани во соработка со ЕЛС и културните институции | организирање на културни настани | спроведување на активности<br>- број на културни настани<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Младите се директно вклучени во спроведување на културни настани | | |
| **Активност 2.2.1**<br>Организирање на натпревари за културно уметнички творби | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на пријавени млади<br>- број на организирани натпревари<br>- број на културно уметнички теми<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- младите се поттикнати да се вклучуваат во културно уметнички активности | **2011 год.** | 1.ЕЛС – Радовиш<br><br>2.Дом на култура ,,Ацо Караманов,, - Радовиш.<br><br>3.Младински организации. |
| **Активност 2.2.2**<br>Учество и организирање на млади за организирање на Културно Лето Радовиш | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на млади вклучени во планирање и имплементација<br>- Број на настани каде директно учествуваат млади<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Заедницата успешно го оценува организирањето на Културно лето Радовиш | **Јули 2011** | |
| **<u>Специфична цел 3</u>**<br>Потикнување на спортските активности и иницијативи од младите. | | | **2011 год.** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Стратегија 3.1** Подобрување на информираноста на младите од општина Радовиш од областа на спортот | Информациите за спортските настани се постојано достапни за младите луѓе од сите возрасни категории | | | |
| **Активност 3.1.1** Креирање на електронски спортски информатор | | **Квантитативни индикатори:**<br>- Број на изданија на информаторот<br>- број на симнувања од веб страна<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Воспоставена е пракса од широко информирање на младите на електронски начин | **Март – Јуни 2011** | **1.**Младински здруженија<br><br>2.Локални медиуми.<br><br>3.ЕЛС – Радовиш. |
| **Стратегија 3.2** Мотивирање на младите од општина Радовиш да практикуваат спортски активности и зголемување на нивното учество во спортските клубови. | Зголемено е нивото на младите кои активно се членови во спортски клубови | | | |
| **Активност 3.2.1** Лобирање за бесплатно користење на спортската сала во Радовиш | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на одржани состаноци со управата на спортската сала во Радовиш | **2011 год.** | Младински спортски здруженија, Спортски здруженија на граѓани и клубови, ЕЛС Радовиш, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Квалитативни индикатори:**<br>- Спортските клубови бесплатно ја користат спортската сала во Радовиш | | |
| **Активност 3.2.2** Формирање на „спортски колектив“ од претставниците на сите организирани спортски здруженија | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на спортски здруженија<br>- број на состаноци<br>- број на заеднички активности<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Спортскиот Колектив е функционален и легитимен<br>- Правилата на работа се дефинирани и усвоени | **Септември – Декември 2011** | |
| **Стратегија 3.3** Потикнување на приватниот (бизнис) сектор за подршка во спортот. | Бизнис секторот активно го поддржува развојот на спортот во Радовиш | | | |
| **Активност 3.3.1** Организирање на состаноци за лобирање за поддршка на спортски настани | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на состаноци<br>- број на компании вклучени во процесот<br>- број на поддржани спортски здруженија<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Бизнис секторот активно ги користи придобивките на Законот за донации и спонзорства на РМ<br>- Спортскиот активизам помеѓу младите е подигнат | **2011 год.** | 1.Приватни локални бизнисмени.<br>2.Младински спортски организации. |

## Приоритет: Младинско информирање

**Цел на приоритет:** *Поткинување на младите од општина Радовиш кон подобар пристап до информации за младите на локално и национално ниво.*

| Цели и активности | Очекувани резултати | Индикатори | Временски период | одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **<u>Специфична цел 1</u>**<br>Подобрување на информираноста помеѓу младите во општината | | | | |
| **<u>Стратегија 1.1</u>**<br>Потикнување на младински иницијативи за информирање помеѓу младите во општината | Начинот на информирање е подобрен за областите кои се интересни за младите | | | |
| **Активност 1.1.1**<br>Печатење и дистрибуција на брошури | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на испечатени и дистрибуирани брошури<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Младите имаап поефикасен пристап до информации | **2011 год.** | НВО и медиуми на локално ниво |
| **Активност 1.1.2**<br>Организирање на информативни работилници | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на одржани информативни работилници<br>- број на млади опфатени со работилниците<br>- број на теми опфатени со работилниците<br><br>**Квалитативни индикатори:** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - малдите средношколци се информирани за културата, спортот, образованието, здравтсвото и др. Категории во Општина Радовиш | | |
| **<u>Специфична цел 2</u>**<br>Подобрување на соработката со јавните институции и младите. | | | **2011 год.** | **1.**ЕЛС –Радовиш.<br>2.НВО младински организации<br>3.Училиштата |
| **<u>Стратегија 2.1</u>**<br>Кампањи за подобрување и координација на институциите во прибирањето и дистрибуцијата на информации до младите. | Размената на информации помеѓу институциите и младите е поинтензивна | | | |
| **Активност 2.1.2**<br>Состаноци со релевантни чинители и засегнати страни | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на состаноци<br>- број на институции вклучени во процесот<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- воспоставена пракса на размена на информации помеѓу засегнатите страни | | |
| **<u>Специфична цел 3</u>**<br>Воспоставување на младински информативен центар. | | | **2011 год.** | |
| **Стратегија 3.1**<br>Активирање на образовните институции, НВО- ите и медиумите за потенцирање на | Засегнатите страни се заинтересирани за воспоставување на младински | | **2011 год.** | **1.**младински здруженија на граѓани.<br><br>2.ЕЛС –Радовиш |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| значењето на младинско информативниот центар и неговото постоење за младите и општина Радовиш. | информативен центар | | | 3.медиумите на локално ниво.<br><br>Претставници и просветни работници од училиштата. |
| **Активност 3.1.1**<br>Состаноци со засегнати страни | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на состаноци<br>- број на млади луѓе вклучени во процесот<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Обезбедена е согласност за отпочнување процес на воспоставување на младински информативен центар | | |
| **Стратегија 3.2**<br>Потикнување кај младите за постоење на младински информативен центар | Младите се прашани за потребата од воспоставување на младински информативен центар | | | |
| **Активност: 3.2.1**<br>Истражување (анкета) врз младите луѓе за потребата од младински информативен центар | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на млади вклучени во анкетата<br>- број на испитаници<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Младите се согласни да се воспостави младински информативен центар | | |

## Приоритет: Младински активизам и иницијативи

**Цел на приоритет:** *Подобрување и зголемување на желбата на младите луге во општина Радовиш за младински активизам и иницијативи*

| Цели и активности | Очекувани резултати | индикатори | Временска рамка | одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 1**<br>Зголемени можности за финансиска и креативна реализација на нивните идеи преку учество во НВО –ите. | | | | |
| **Стратегија 1.1**<br>Зголемен број на членство на млади лица во НВО – секторот во општина Радовиш | Младите се активнирани и заинтересирани да се вклучат во здруженија на граѓани | | | |
| **Активности 1.1.1**<br>Организирање на работилници | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на организирани работилници<br>- број на млади вклучени со работилниците<br>- број на млади активнос вклучени во здруженијата на граѓани во Радовиш<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Младите се информирани за придобивките од вклучување во здруженијата на граѓани | **2011 год.** | **1.**оделение за ЛЕР – општина Радовиш<br><br>2.младински здруженија |
| **Специфична Цел 2**<br>Поголема едуцираност, | | | **2011 год.** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| зајакната материјална и финансиска состојба на ранливи групи и млади лица. | | | | |
| <u>Стратегија 2.1</u><br>Кампањи и обуки за зголемување на свеста кај младите луге за потребите на ранливите групи во општина Радовиш. | Маргинализираните групи се активно вклучени во процесот на неформално образование | | | |
| **Активности 2.1.1**<br>Лобирање за поддршка на ранливи групи од страна на бизнис секторот | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на состаноци<br>- број на млади од маргинализирани групи вклучени во процесот (млади од рурални средини, етнички групи итн.)<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Бизнис секторот поддржува активности за вклучување на маргинализирани групи | **2011 год.** | 1.Младински здруженија<br><br>2.локални иституции ЦСР<br><br>3.Здруженија на грагани кои работат за потребите на ранливите групи.<br><br>4.ЕЛС Радовиш. |
| **Активност 2.1.2**<br>Организирање на обуки и семинари за ранливи групи на млади | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на организирани обуки<br>- број на организирани семинари<br>- број на вклучени ранливи групи на млади<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- ранливите групи на млади се едуцирани за концептот | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на младински активизам | | |
| **<u>Специфична цел 3</u>**<br><br>Подобрување на функционалноста на Советот на Млади кој е формиран во рамките на локалната самоуправа. | | | **2011 год.** | |
| **Стратегија 3.1**<br>Воспоставување на фонд за младински иницијативи со цел да се обезбедат средства за реализација на младински иницијативи во општина Радовиш, вклучувајки го и Советот на млади. | Зајакната е улогата на Советот на Млади во Општината | | | |
| **Активност 3.1.1**<br>Креирање на годишна програма за работа на Советот на Млади | | **Квантитативни индикатори:**<br>- Број на одржани состаноци<br>- број на дефинирани приоритети<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Младите луѓе се широко консултирани при креирањето на програмата<br>- Советот на Млади се поддржани од општината при спроведувањето на активности | **2011 год.** | **1.**Претставници на Советот на млади.<br><br>2.ЕЛС –Радовиш.<br><br>3.релевантни младински здруженија. |
| **Активност 3.1.2**<br>Информирање на младите за постоењето на Советот на | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на информирани | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Млади и нивните активности | | млади<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- направена е facebook група за информирање на млади<br>- Советот на млади е активен на сите настани кои се организираат од Општината | | |
| **Активност 3.1.3**<br>Лобирање за фонд за младински иницијативи преку состаноци на претставници од локални институции, странски донатори и локалниот бизнис сектор. | | **Квантитативни индикатори:**<br>- Број на одржани состаноци со бизнис сектор<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Воспоставен е фонд за младински иницијативи | | |
| **Активност 3.1.4**<br>Организирање на обука за членовите на Советот на Млади за нивно подобрување во работењето | | **Квантитативни индикатори:**<br>- Број на одржани обуки<br>- број на присутни<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Советот на млади е обучен во полето на застапување на младинските проблеми на локално ниво | | |

## Приоритет: Младинско учество и волонтерство

**Цел на приоритет:** *Поголема едуцираност и информираност кај младите за младинско учество и волонтерство во локалните институции на општината Радовиш.*

| Цел и активности | Очекувани резултати | индикатори | Временска рамка | одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **<u>Специфична цел 1</u>**<br>Зголемување на мотивацијата и правилна перцепција на младите од општина Радовиш за учество во сите сфери на општествениот живот | | | **2011 год.** | |
| **<u>Стратегија 1.1</u>**<br>Зајакнување на капацитетите и континуирана едукација на младите и на возрасните од институциите за суштината и значењето на младинското учество | Младите се заинтересирани да бидат вклучени во процесите на донесување одлуки | | | |
| **Активност 1.1.1**<br>Спроведување на ПЕЕР едукации | | **Квантитативни индикатори:**<br>- Број на обучени ПЕЕР едукатори<br>- број на едукации во средните училишта<br>- број на опфатени средношколци<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Младите се активно вклучени во пренесувањето на знаења за младинското учество<br>- младите се заинтересирани | | 1.Младински Здруженија.<br><br>2.Советот на млади како тело.<br><br>3.канцеларија ЛЕР<br><br>4.локални медиуми. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | да ги подобрат моделите на младинско учество во средните училишта | | |
| **Активност 1.1.2**<br>Работилници и семинари за подготовка на проекти во кои младите ке можат да аплицираат | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на обуки и семинари за младинско учество<br>- број на опфатени млади и младински организации<br>- број на креирани предлог проекти со обуките<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Младинските организации ги зајакнаа своите капацитети за раководење со проект<br>- зголемено е нивото на младинските иницијативи во средните училишта | | |
| **<u>Специфична цел 2</u>**<br>Подобрена партиципација на младите и волонтирање во јавните институции во општината. | | | **2011 год.** | |
| **Стратегија 2.1**<br>Зајакнување на функционирањето на сите форми на здружени млади во општината со посебен акцент на волонтерството на младите | Младите се заинтересирани да волонтираат во младинските организации и во институциите во Општина Радовиш | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 2.1.1**<br>Промовирање на концептот на волонтерството во Општина Радовиш | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на едукации за волонтерство во средните училишта и НВОите<br>- број на нови регистрирани волонтери во институциите<br>- број на примени волонтери во Локалната Самоуправа<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Младите невработени се заинтересирани да волонтираат во младинските здруженија | **2011 год.** | 1.Канцеларија ЛЕР<br><br>2.Младински здруженија.<br><br>3.Советот на млади. |
| **Активност 2.1.2**<br>Зајакнување на работата на Младинскиот Парламент во општина Штип | | **Квантитативни индикатори:**<br>- број на состаноци на координативното тело и младинскиот парламент<br>- Број на вклучени млади и групи на здружени млади<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- младинскиот парламент активно улествува во спроведувањето на локални иницијативи од обласста на култура, екологија, спорт итн.<br>- Парламентот упатува посебно внимание на родовата еднаквост и учеството на ранливи групи | **2011 год.** | 1.Советот на млади.<br><br>2.младински здруженија. |

**МОНИТОРИНГ ПЛАН**

Со цел ефективно спроведување на оваа локална стратегија за млади на општина Радовиш, ќе се формира тело односно Комисија за мониторинг на стратегијата. Имено, Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на општина Радовиш ќе има задача (задолжение) за формирање на Мониторинг комисија на планот за Стратегијата на млади на општина Радовиш. Оваа Комисија ќе го мониторира спроведувањето на стратегијата врз основа на следните точки:

1. Поднесени годишни извештаи од здруженијата на младински организации како и Советот на млади како посебно тело и акт на општината кој сакаат да влезат во програмата за финансирање од општината до Советот на општина Радовиш, а разгледувани од Комисијата за образование, култура и спорт.
2. Комисијата за мониторинг се состанува не повеќе од трипати годишно и не помалку од двапати годишно со цел за мониторинг на статусот на завршените активности.

   Предлог-прашања кои треба да се разгледаат на состаноците за мониторинг комисијата треба да вклучат.
   - Дали се движиме кон нашата визија?
   - Дали ја спроведуваме нашата мисија?
   - Дали се однесуваме на начин кој е конзистентен со нашата мисија?
   - Дали ги оствaруваме очекувањата на нашите млади?
3. Комисијата да се состане една на секои 18 месеци да го прегледа планот и да предложи и одредени неопходни главни измени на планот.

   Прашања кои треба да се разгледуваат на состаноците за прегледување на стратегијата:
   - Дали во моментот нема некои измени во законот за волонтерство и здруженија на граѓани?
   - Дали младите се задоволни од досега постигнатите резултати?
   - Превземање на нов стратешки план?
   - Што навистина е променето како резултат на процесот?
   - Дали има повеке младински организации кои работат на одредени проблеми со младите или не?
   - Дали е подобрено работењето на Советот на младите во општината?
   - Севкупно, дали вредеше времето и напорот?
4. По секоја сесија на комисијата ќе биде пополнет извештај до соодветниот Совет на општината. Овој извештај најмалку ќе:
   - Обезбеди статус на секој показател (чекор на напредок) кој беше планиран да биде активен во текот на претходниот период
   - Обезбеди препораки за измени или подобрување на програмата.

**Листа на членови во работна група за креирање на**

**Локална Младинска Стратегија**

| БР. | Име и презиме | Институција |
|---|---|---|
| 1 | Тања Тодорова | член на Совет на општина Радовиш |
| 2 | Марина Митева | член на Совет на општина Радовиш |
| 3 | Сашко Николов | Претседател на Совет на општина Радовиш |
| 4 | Ѓорги Манев | член на Совет на општина Радовиш |
| 5 | Љубче Мијалов | Наставник по физичко воспитување ОУ ,,Орце Николов,, - с. Ињево. |
| 6 | Наташа Поцкова | Член на НВО Развој Иднина |
| 7 | Даме Ангеловски | Член на НВО Развој Иднина |
| 8 | Игор Конзулов | Професор по Физичко воспитание ДСУ „КОСТА СУСИНОВ„ |
| 9 | Душко Кландев | Наставник по фискултура ОУ„Крсте Петков Мисирков„ |
| 10 | Тоше | Претседател на НВО ,,Креа„ |
| 11 | Нинка Арсова | Претставник на НВО „ЦЕЛОР„ |
| 12 | Верица Котева | Училишен педагог |
| 13 | Игор Гоцевски | Кординатор за креирање на локалната стратегија за млади |